Врз основа на член 24 став (1) алинеја 5 и член 75-а од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Македонија број 39/14 и 188/2014), а во согласност со Спогодбата за намалување на цените на услугите во роаминг во јавни мобилни комуникациски мрежи склучена на ден 29.09.2014 година помеѓу министерствата надлежни за работите од областа на електронските комуникации на Босна и Херцеговина, Црна Гора, Република Македонија и Република Србија, а имајќи ја предвид Уредбата за роаминг во јавните мобилни комуникациски мрежи внатре во Европската Унија (REGULATION (EU) No 531/2012 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL of June 2012 on roaming on public mobile communications networks within the Union), директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 10.03.2015 година донесе

# О Д Л У К А

## за утврдување на максималните цени на услугите во роаминг во јавни мобилни комуникациски мрежи

I

На операторите кои поседуваат јавни мобилни комуникациски мрежи и обезбедуваат јавни мобилни комуникациски услуги во Република Македонија им се утврдуваат следните максимални цени на услугите кои ги нудат во роаминг на корисниците од земјите со кои Република Македонија има склучено спогодба за намалување на цените на услугите во роаминг во јавни мобилни комуникациски мрежи, на реципрочна основа и тоа:

**а) Максимална просечна големопродажна цена за повици во роаминг (без ДДВ) за минута разговор со примена од 01.07.2017 година изнесува 0,05 евра.**

Утврдената максимална просечна големопродажна цена операторот ја наплаќа за повиците во роаминг кои се започнати во неговата мрежа и ги вклучува сите трошоци на операторот, помеѓу останатото, трошоците за оригинација, транзит и терминација на повик.

Просечната големопродажна цена за повиците во роаминг се пресметува за период од 12 месеци на начин што вкупниот остварен приход од роаминг на големопродажно ниво се дели со вкупниот број на минути во роаминг на големопродажно ниво кои релевантниот оператор навистина ги искористил за обезбедување на повиците во роаминг на големопродажно ниво со државите потписнички на Спогодбата за намалување на цените на услугите во роаминг во јавни мобилни комуникациски мрежи, во соодветниот период, кои се агрегираат по секунди и се прилагодени да ја земат во предвид можноста операторот да го примени иницијалниот минимален пресметковен период, кој не може да биде подолг од 30 секунди.

**б) Максималната малопродажна цена за повици во роаминг (без ДДВ) за минута разговор со примена од 01.07.2017 година за појдовни повици изнесува 0,19 евра, а за дојдовни повици изнесува 0,05 евра.**

Утврдената максимална малопродажна цена за повици во роаминг не вклучува никакви поврзани претплати или други фиксни надоместоци и може да се комбинира со било која малопродажна тарифа. На корисниците во роаминг не смее да им се наплаќа било каков надоместок за примање на порака на говорна пошта во роаминг. Ова не се однесува на други надоместоци, како што се надоместоците во врска со преслушување на говорната пошта.

Операторот на своите корисници во роаминг им го наплатува обезбедувањето на секој повик во роаминг на кој се применува наведената максимална малопродажна цена, без разлика дали станува збор за појдовни или дојдовни повици, по секунди.

Операторот може да применува иницијален минимален пресметковен период кој не може да биде подолг од 30 секунди за појдовни повици на кои се применува наведената максимална малопродажна цена.

**в) Максималната просечна големопродажна цена за СМС пораки во роаминг (без ДДВ) со примена од 01.07.2017 година изнесува 0,02 евра.**

Утврдената максимална просечна големопродажна цена за СМС пораки, операторот ја наплаќа за СМС пораките што се започнати во неговата мрежа. Операторот не треба да наплаќа било каков надоместок за завршување на СМС пораки во роаминг.

Просечната големопродажна цена за СМС пораки во роаминг се пресметува за период од 12 месеци на начин што вкупниот приход на големопродажно ниво кој го остварува операторот за започнување и пренос на СМС пораки во роаминг во рамките на државите потписнички на Спогодбата за намалување на цените на услугите во роаминг во јавни мобилни комуникациски мрежи, во соодветниот период, се дели со вкупниот број на СМС пораки кои се започнати и се пренесени во име на соодветниот оператор на услугата во роаминг или операторот на домашната мрежа во тој период.

г) **Максималната малопродажна цена за СМС пораки во роаминг (без ДДВ) со примена од 01.07.2017 година изнесува 0,06 евра.**

Утврдената максимална малопродажна цена за СМС пораки во роаминг операторот ја наплаќа за започнати СМС во роаминг и истата не вклучува никакви поврзани претплати или други фиксни надоместоци и може да се комбинира со било која малопродажна тарифа. На корисниците во роаминг не смее да им се наплаќа било каков надоместок за примање на порака на говорна пошта во роаминг.

Операторот на своите корисници не смее да им наплаќа било каков надоместок за прием на СМС порака во роаминг.

**д) Максималната просечна големопродажна цена за пренос на податоци во роаминг (без ДДВ) по МВ, со примена од 01.07.2017 година изнесува 0,05 евра.**

Просечната големопродажна цена за пренос на податоци во роаминг се пресметува за период од 12 месеци на начин што вкупниот приход на големопродажно ниво кој го остварува операторот за пренос на податоци во роаминг, во соодветниот период, се дели со вкупниот број на мегабајти што навистина се потрошени при обезбедување на услугата на пренос на податоци во роаминг, во тој период, агрегиран по килобајти.

**ѓ) Максималната малопродажна цена за пренос на податоци и ММС пораки, во роаминг (без ДДВ) по МВ, со примена од 01.07.2017 година изнесува 0,20 евра.**

Максималната малопродажна цена за пренос на податоци во роаминг не вклучува никакви поврзани претплати или други фиксни надоместоци и може да се комбинира со било која малопродажна тарифа.

Операторот на своите корисници им го наплаќа обезбедувањето на услугата пренос на податоци во роаминг, по килобајт, со исклучок на услугата пренос на ММС пораки во роаминг која може да им ја наплаќа по единици. Во тој случај малопродажната цена која операторот може да им ја наплаќа на своите корисници за пренос или за прием на ММС пораки, во роаминг, не смее да биде поголема од утврдената максимална малопродажна цена за оваа услуга.

II

На операторите кои поседуваат јавни мобилни комуникациски мрежи и обезбедуваат јавни мобилни комуникациски услуги во Република Македонија им се утврдува намалување на постоечките цени на услугите во роаминг до утврдените максимални цени од точка I на оваа одлука, со следната динамика:

**а) Максимална просечна големопродажна цена за повици во роаминг (без ДДВ)**

| Период на примена | Цена по минута во евра |
|---|---|
| од 30.06.2015 до 30.06.2016 година | 0,14 |
| од 01.07.2016 до 30.06.2017 година | 0,10 |

**б) Максималната малопродажна цена за повици во роаминг (без ДДВ)**

| Период на примена | Вид на повик | Цена по минута во евра |
|---|---|---|
| од 30.06.2015 до 30.06.2016 година | појдовни | 0,29 |
| | дојдовни | 0,08 |
| од 01.07.2016 до 30.06.2017 година | појдовни | 0,24 |
| | дојдовни | 0,07 |

**в) Максималната просечна големопродажна цена за СМС пораки во роаминг (без ДДВ)**

| Период на примена | Цена во евра |
|---|---|
| од 30.06.2015 до 30.06.2016 година | 0,03 |
| Од 01.07.2016 до 30.06.2017 година | 0,02 |

г) **Максималната малопродажна цена за СМС пораки во роаминг (без ДДВ)**

| Период на примена | Цена во евра |
|---|---|
| од 30.06.2015 до 30.06.2016 година | 0,09 |

| | |
|---|---|
| Од 01.07.2016 до 30.06.2017 година | 0,08 |

**д) Максималната просечна големопродажна цена за пренос на податоци во роаминг (без ДДВ)**

| Период на примена | Цена по МВ во евра |
|---|---|
| од 30.06.2015 до 30.06.2016 година | 0,25 |
| Од 01.07.2016 до 30.06.2017 година | 0,15 |

**ѓ) Максималната малопродажна цена за пренос на податоци и ММС пораки, во роаминг (без ДДВ)**

| Период на примена | Цена по МВ во евра |
|---|---|
| од 30.06.2015 до 30.06.2016 година | 0,70 |
| Од 01.07.2016 до 30.06.2017 година | 0,45 |

III

Цените за малопродажните услуги во роаминг утврдени со оваа одлука изразени во денари без ДДВ ќе се пресметуваат по среден курс на Народна Банка на Република Македонија објавен на 30-ти јуни во тековната година

IV

Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија “ и на веб страната на Агенцијата за електронски комуникации.

Советник за анализа на пазарот и односи со јавноста
Синиша Апостолоски
Советник за работи од областа на правото
Лилјана Денковска
Советник за работи од областа на телекомуникациите
Горан Колевски

Директор
Роберт Орданоски

Наш број: 0201-855/2
Скопје, 10.03.2015 година